У-6.бр.«1019»/«2020»
У-6.бр.«1020»/«2020»
У-6.бр.«1031»/«2020»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Тања Терзиева - претседател на совет, Газменд Фејзиљи и Елизабета Васкова - членови на советот, со записничар Анета Стефановиќ - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителите ТД ФЕРТ АТОМИК ДОО с.Шемшево», ДПТУ УНИОН БУС ДООЕЛ с.Палатица - Желино и Нерашт Ком ДООЕЛ од с.Нераште, против тужениот Државна комисија за жалби по јавни набавки за Тужба за поништување на решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр. 09-457/9 од 13.05.2020 година, за јавна набавка, во присусуство на полмошникот на тужителите адвокат Ивана Серафимовска од Тетово, и во присуство на претставник на тужениот орган Трајановски Зоран дипл. Правник со положен правосуден испит со л.к бр.А2453029,а во отсуство на заинтресираното лице Хак Комерц Тетово уредно викан на седницата на советот одржана на 10.06.2021 година, согласно член 9 став 1 и член 59 од Законот за управните спорови, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите ТД ФЕРТ АТОМИК ДОО с.Шемшево», ДПТУ УНИОН БУС ДООЕЛ с.Палатица - Желино и Нерашт Ком ДООЕЛ од с.Нераште против тужениот Државна комисија за жалби по јавни набавки за поништување на решение бр. 09-457/9 од 13.05.2020 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето на полномошникот на тужителите Ивана Серафимовска адвокат од Тетово, за надомест на трошоци во вкупен износ од 18.200,00 денари со вклучен ддв, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр. 09-457/9 од 13.05.2020 година Жалбата на жалителот „ХАК - КОМЕРЦ“ ДООЕЛ Тетово, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.04.2020 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр. 03412/2020 за набавка на услуги - Превоз на ученици од местото на живеење до СОУ во Тетово и обратно за 2020 година на договорниот орган ОСУ ВТОРА ГИМНАЗИЈА 7 МАРСИ Тетово, СЕ УСВОЈУВА Под точка 2. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.04.2020 година и постапката по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр. 03412/2020 за набавка на услуги - Превоз на ученици од местото на живеење до СОУ во Тетово и обратно за 2020 година на договорниот орган ОСУ ВТОРА ГИМНАЗИЈА 7 МАРСИ-Тетово. Под точка 3 Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 12.300,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка,на 15 дена од денот на приемот на решението.Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. конечно по извршената достава.Под точка 5 сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Под точка 6. Договорниот орган е должен да постапи согласно со

одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката. Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.03412/2020 за набавка на услуги - Превоз на ученици од местото на живеење до СОУ во Тетово и обратно за 2020 година на, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 28.02.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 28.02.2020 година, како делива постапка. Договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (5.00 %). До крајниот рок за поднесување на понудите 19.03.2020 година, пристигнале вкупно 6 (шест) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 21.03.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите и прифатливите понуди ги поканила на електронска аукција. Врз основа на Извештајот од спроведената постапка од 07.04.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда за за дел 1, 2, 3 и 4 - БАШКИМ-ТУРС ДООЕЛ с.Теново-Брвеница, за дел 5 - УНИОН-БУС ДООЕЛ с.Палатица-Желино, за дел 6 ФЕРТ-АТОМИК ДОО с.Шемшево-Јегуновце и за дел 7 - НЕРАШТ КОММ ДОО с.Нераште,Теарце. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.04.2020 година. Од страна на Бирото за јавни набавки била извршена управна контрола за што бил составен Записник заведен под број 17-655/3 од 15.04.2020 година. Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда од 08.04.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „ХАК КОМЕРЦ“ ДООЕЛ Тетово.. Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки изврши увид во досието на постапката на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на член 160 став (1) точка 4 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки најде: Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител. Жалбата е основана.Во жалбата жалителот наведува дека договорниот орган сторил суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право. Имено, договорниот орган не го известил жалителот дека од спроведената евалуација не е квалификуван за учество во електронска аукција како последна фаза во оваа постапка и причината поради која е отфрлена понудата. Видно од образложението јасно е дека жалителот не бил известен за одбивање на учество во понудата во понатамошна фаза на постапката е аукција. Жалителот појаснува дека тендерската документација и објавениот оглас биле во целост контрадикторни и ниту еден понудувач не ги исполнувал условите за доделување на тендерот. Договорниот орган погрешно ги применил член 88, член 89, член 90, член 91, член 92 од Законот за јавните набавки. Видно од извршениот увид во доставената потребна документација од страна на „БАШКИМ ТУРС“ ДООЕЛ с. Теново – Брвеница, кој бил избран за најповолен понудувач за дел 1, 2, 3, 4, неспорно е дека не ги исполнувал условите согласно тендерската документација и објавениот оглас. Имено од страна на „БАШКИМ ТУРС“ ДООЕЛ с. Теново – Брвеница, не бил доставен доказ Возилата да поседуваат техничко експлоатационите услови пропишани за возилата за вршење на превоз на патници и еколошки стандард минимум ЕУРО 2 истото да се докаже со: односно не е доставена - потврда за

техничко експлоатационите услови пропишани за возилата за вршење на превоз на патници и потврда за еколошки стандард минимум ЕУРО 2 (скенирани оригинал документи). Исто така не бил доставен доказ дека економските оператори имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки, истото да се докаже со: - листа на главни извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Од извршениот увид во доставената потребна документација од страна на „УНИОН БУС“ ДООЕЛ с. Палатица – Желино, кој бил избран за најповолен понудувач за дел 5, неспорно е дека не ги исполнувал условите согласно тендерската документација и објавениот оглас. Имено од страна на „УНИОН БУС“ ДООЕЛ с. Палатица - Желино не бил доставен доказ: „Доказ дека економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки, истото да се докаже со: -листа на главни извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги; Доказ да поседува потребен број на возачи во редовен работен однос соодветно на бројот на возилата со кои учествува на посебен дел, истото да се докаже со: - опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествуваат во извршувањето на јавната набавка, особено на оние кои се одговорни за контролата на квалитетот со денот на отворање на понудата не е потпишан со дигитален сертификат.“. Од извршениот увид во доставената потребна документација од страна на „ФЕРТ-АТОМИК“с. Шемшово – Јегуновце, кој бил избран за најповолен понудувач за дел 6, неспорно е дека не ги исполнувал условите согласно тендерската документација и објавениот оглас. Имено од страна на „ФЕРТ- АТОМИК“с. Шемшово – Јегуновце не бил доставен доказ: „- лиценца за посебен линиски превоз на патници издадена од Министерството за транспорт и врски пропишана согласно Законот за превоз во патниот сообраќај до ден на објавување на огласот, - лиценца за посебен линиски превоз издадена од Општина Тетово до ден на објавување на огласот, -лиценца за линиски превоз издадена од Општина Тетово до ден на објавување на огласот. Доказ дека економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки, истото да се докаже со: -листа на главни извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги.“. Од извршениот увид во доставената потребна документација од страна на „НЕРАШТ КОММ“ ДОО с. Нераште – Теарце, кој бил избран за најповолен понудувач за дел 7, неспорно е дека не ги исполнувал условите согласно тендерската документација и објавениот оглас. Имено од страна на „НЕРАШТ КОММ“ ДОО с. Нераште – Теарце не бил доставен доказ: „ЕО да поседува најмалку 5 (пет) автобуси со мин. 30+1 седиште за делот на кој поднесува понуда, односно за една релација минимум 5(пет) автобуси со мин. 30+1 седиште, истото да се докаже со: - оригинал важечка сообраќајна дозвола (да се прикачи скениран документ од оригиналната сообраќајна дозвола).“. Предвид на изнесеното јасно е дека изјавата за сериозност на понудата не била согласно закон дадена бидејќи кај избраните понудувачи немало услови за исполнување на договорот до крајот на важењето, а согласно погоре изнесеното дека истиот не ги исполнувал условите согласно објавениот оглас и тендерската документација кое нешто комисијата била должна да го цени. Жалителот наведува дека Комисијата направила повреда на член 87 став 1 алинеа 2 и 3, член 88 став 1 в в со точка ѓ, член 111 став 1 и став 2, член 141 став 3 од Законот за јавните набавки, бидејќи иако биле исполнети за исклучување на кандидатот „БАШКИМ ТУРС“ ДООЕЛ с. Теново –

Брвеница, „УНИОН БУС“ ДООЕЛ с. Палатица – Желино, „ФЕРТ-АТОМИК“с. Шемшово – Јегуновце, „НЕРАШТ КОММ“ ДОО с. Нераште – Теарце, тоа не го направила односно покрај сите пропусти незаконито биле избрани и за најповолни понудувачи.Согласно горенаведеното жалителот предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја усвои жалбата, да ја укине одлуката за избор и да ја поништи постапката, како и да го задолжи договорниот орган со трошоците за водење на постапката. Во одговорот на жалбата договорниот орган наведува дека жалбата е неоснована. Имено жалителот грубо го прекршил кодексот на однесување во јавните набавки со нагласување на непроверени, субјективни факти за работата на Комисијата за јавни набавки и нудење на информации од доверлив карактер во работата на комисијата без да се жали на своето материјално право, вршејќи притисок врз објективноста на Комисијата за јавни набавки, преку нагласување на недостатоците на економските оператори кои поднеле прифатливи понуди на сметка на сопствениот неуспех и недостатоци. Во договорот за деловно техничка соработка со Унион бус и Тритерол, жалителот не предвидел за кој дел на постапката Унион бус и Тритерол му ги препуштаат своите технички ресурси во слободни моторни возила, ако се знае дека за секој дел договорниот орган барал минимум 5 возила со исполнети техничко - експлоатациони услови на моторните возила. Жалителот поседува само лиценца за вршење на јавен превоз во меѓународниот патен сообраќај, а не и условот од точка 2.4.1.1.б) од тендерската документација, во која се бараат лиценци за посебен линиски превоз и лиценци за линиски превоз издадени од општина Тетово кои се задолжителни согласно новите измени за бесплатен превоз на ученици во основно и средно образование - закон за дополнување на Закон за превоз во патен сообраќај (Сл.весник на РМ бр.163 од 04.09.2019 година) и кои ја гарантираат безбедноста на учениците. Во ДРД постои дека жалителот поседува лиценца за друг патнички копнен транспорт 49.39 што е различно од 49.31-градски и приградски копнен транспорт. Сообраќајните дозволи кои ги прикачил на системот биле еднострани и невалидни како доказ, недостасувала втората страна од истата, биле скратени битни показатели за валидноста на истите. Жалбата е несоодветна и ненавремена бидејќи жалителот ја обжалил тендерската документација и критериумите на способност во делот на лиценци, а не одлуката за избор. Известувањето за извршен избор со одлука било пратено после извршена управна контрола, а жалителот се жали дека во фаза на евалуација, договорниот орган требало да му прати дека неговата понуда била неприфатлива што и електронски на системот му било испратено. Договорот за деловно техничка соработка со Унион бус и Тритерол не го опфаќал делот на побарани референтни листи на извршени исти услуги во последните три години како елемент на квалитет на договорните услуги. Сите економски оператори кои поднеле прифатливи понуди добиле позитивна оцена од Внатрешна управна контрола, со што жалителот нема право да ја оспорува валидноста на нивната документација со измислени факти и да ја оспорува стручноста и професионалноста на Комисијата за јавни набавки. Согласно наведеното договорниот орган предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки, жалбата на жалителот да ја одбие како неоснована. Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата на жалителот „ХАК - КОМЕРЦ“ ДООЕЛ Тетово е основана. Државната комисија изврши увид во досието од спроведената постапка на ЕСЈН и утврди дека се основани жалбените наводи на жалителот кои се однесуваат на тоа дека договорниот орган извршил евалуација на понудите спротивно на одредбите на Законот за јавните набавки. Имено,

Државната комисија утврди дека договорниот орган на ЕСЈН има прикачено Известување за избор до сите економски оператори кои учествувале во постапката но истото не е со содржина согласно член 113 став 4 од Законот за јавните набавки. Во однос на жалбените наводи на жалителот кои се однесуваат на прифатливоста на избраните понудувачи за дел 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од предметот на набавката, Државната комисија утврди дека ниту еден од нив кон понудата доставена за оваа постапка не доставил/прикачил потврди за извршени испораки или извршени услуги, иако договорниот орган за докажување на техничката и професионалната способност во тендерската документација во потточка 2.4.3.1 точка а) барал од економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки, и за истото како доказ предвидел доставување на листа на главни извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Неосновани се жалбените наводи според кои договорниот орган иако бил должен сепак не утврдил дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина утврдени во членовите 93 и 94 од Законот за јавните набавки бидејќи овие стандарди не се барани воопшто во тендерската документација.Постапувајќи по службена должност, Државната комисија утврди дека договорниот орган сторил битни повреди на постапката од член 141 став 2, точка 5 и 6 од Законот за јавните набавки односно критериумите за способност не се утврдени во согласност со овој закон и тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција. Имено, договорниот орган во тендерската документација во точка 2.4.1, за докажување на способноста за вршење на професионална дејност, за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на договорот предвидел Лиценци издадени од Министерството за транспорт и врски и од Општина Тетово при што било потребно истите да се издадени до денот на објавувањето на огласот, што е спротивно на одредбите на Законот за јавните набавки бидејќи економските оператори потребната документација за одделна јавна набавка ја доставуваат по објавувањето на огласот се до крајниот рок за доставување на понудите или до јавното отворање на понудите. Оттука, според Државната комисија ограничувачко и дискриминаторно е барањето на договорниот орган бараните лиценци да бидат издадени до денот на објавување на огласот бидејќи во постапките за јавни набавки, понудите е потребно да се достават до крајниот рок за поднесување на понуди, па доколку одреден економски оператор добие лиценца по објавувањето на огласот, а пред крајниот рок за доставување на понудите, истиот не би бил во можност да поднесе понуда за предметната јавна набавка. Исто така, и барањето предвидено во точка 2.4.3 Техничка и професионална способност, потточка 2.4.3.1, точка г) од тендерската документација според кое е потребно возилата со кои учествуваат во постапката да бидат во сопственост на понудувачот или да имаат договор за лизинг, најдоцна до денот на објавување на огласот, истото да се докаже со: -со изјава дека возилата се во лична сопственост или има склучено договор за лизинг не е во согласност со одредбите од член 95 став 8 точка ѕ) и член 96 од Законот за јавните набавки. Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија одлучи да ја уважи жалбата, да ја поништи Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.04.2020 година, како и целокупната постапка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр. 03412/2020 за набавка на услуги - Превоз на ученици од местото на живеење до СОУ во Тетово и обратно за 2020 година. При повторно спроведување на нова постапка,

договорниот орган е потребно да изготви тендерска документација во согласност со Законот за јавните набавки и во која ќе бидат предвидени услови и барања согласно одредбите од наведениот закон.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да се поништи и мериторно да се одлучи по предметниот управен спор, од причина што со оспореното решение погрешно и нецелосно е утврдена фактичка состојба и погрешно е применето материјалното право.

На одржаната јавна расправа на ден 10.06.2021 година, полномошникот на тужителите изјави дека останува во целост кон тужбата и тужбеното барање и предлага тужбените барања на сите тужители поеднечно да се усвојат а донесеното решение на тужениот орган под бр.09-457/9 од 13.05.2020 година се поништи, а решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки Скопје се преиначи со кое поднесената жалба на жалителот ХАК БУС ДООЕЛ Тетово ќе се одбие како неосновано и предметот ќе се врати на повторно одлучување.Кон списите се доставени следниве докази оспореното решение на тужениот орган како и сите докази со увид на електронскиот сиситем за јавни набавки од Бирото за јабнио набавки на РСМ во врска со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.03412/2020 за набавка на услуги –Превоз на ученици од местото ма живеење до СОУ Тетово и обратно за 2020 година .

Управниот суд постапувајќи по тужбата, одговорот на тужба на тужениот, и по одржаната јавна усна расправа, врз основа на доказите приложени кон предметот и нивните искази од одржаната јавна усна расправа, најде дека:

Оспореното решение е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ“ бр.24/2019)„тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;Согласно член 11 „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.“.

Согласно член 3 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ“ бр.24/2019), уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Согласно член 81 став 1 истиот закон Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. (2) Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување 9/11 способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. (3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките со постапка од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки со постапка од мала вредност само краток опис на предметот на набавка. (4) Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги поставaт во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената постапка од мала вредност и четири дена кај набавката со постапка од мала вредност со објавување оглас. (5) Договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. (6) Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената постапка од мала вредност и два дена кај набавката со постапка од мала вредност со објавување оглас. (7) Договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост.“

Согласно член 109 од истиот закон „Евалуација на понудите (1) Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. (2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни 10/11 отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. (3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. (4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од

понудувачот. (5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. (6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. (8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда. (9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. (10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. (11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.“

Согласно член 10 ставови 1, 2 и 3 од Законот за општата управна постапка, (“Службен весник на РМ“ бр.124/2015) јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка. Јавниот орган е должен по службена должност да ги прибави, разгледа и обработи информациите кои се чуваат во службената евиденција и регистрите, под услов пристапот до овие информации да не е забранет со посебен закон. Јавниот орган од странката може да ги бара само оние податоци или исправи кои се потребни за утврдување на фактите и околностите, а за кои не се води службена евиденција наведена во став 2 од овој член.

Од изведените докази во постапката Судот најде дека договорениот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.03412/2020 за набавка на услуги - превоз на ученици од местото на живеење до СОУ во Тетово и обратно за 2020 година за што претходно била донесена одлука за јавна набавка на 28.02.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 28.02.2020 година како делива постапка. Договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (5.00%).До крајниот рок за поднесување на понудите 19.03.2020 година, пристигнале вкупно 6 (шест) понуди, за што бил составен Записник од отварање на понудите од 21.03.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите и прифатливите понуди ги поканила на електронска аукција. Врз основа на Извештајот од спроведената постапка од 07.04.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда за дел 1,2,3 и 4 - БАШКИМ -ТУРС ДООЕЛ с.Теново-Брвеница, за дел 5 - УНИОН-БУС ДООЕЛ с.Палатица-Желино, за дел 6 ФЕРТ-АТОМИК ДОО с.Шемшево-Јегуновце и за дел 7 - НЕРАШТ КОММ ДОО с.Нераште, Теарце. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.04.2020 година.

При ваква правна и фактичка состојба на работите по предметот, Судот наоѓа дека тужениот орган целосно и правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалното право, кога одлучил да се поништи Одлуката за избор

на најповолна понуда од 08.04.2020 година и постапката по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.03412/2020 за набавка на услуги –Превоз на ученици од местото на живеење до СОУ во Тетово и обратно за 2020 година на договорниот орган ОСУ ВТОРА ГИМНАЗИЈА 7 МАРСИ-Тетово.

При донесувањето на одлуката Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителите дека, погрешно и нецелосно е утврдена фактичка состојба и погрешно е применето материјалното право, дека жалителот ХАК КОМЕРЦ ДООЕЛ Тетово немал право да поднесе жалба на Одлука за избор на најповолна понуда од 08.04.2010 година, затоа што не влегол во групата на избрани и квалификувани учесници од страна на Органот за јавна набавка, дека тој можел да се жали само на одлуката за избор на учесници во електронската аукција, а не и на резултатите и начинот на спроведување на електронската аукција,но истите не ги прифати од причини што, тужителите постапиле спротивно одредбите од Законот за јавните набавки

Што се однесува до барањето за надомест на трошоците судот одлучи како изреката на истата бидејќи судот ја одби тужбата на тужителот како неоснована.

Со оглед на погоре изнесените причини, следуваше Судот согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови (“Службен весник на РМ” бр.62/06 и 150/10), оспореното решение да го поништи.

Пресудено во Управниот суд на ден «10.06.2021» година под У-6.бр.«1019»/«2020».

Записничар - судски соработник
Анета Стефановиќ

Претседател на совет - Судија
м-р Тања Терзиева

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави до:
-тужителот преку полномошник
-тужениот орган

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува судски службеник

Претседател на совет - Судија
м-р Тања Терзиева